**Известување за концентрација со која МЕРКАТОР-ЦГ Д.О.О. Подгорица, Црна Гора, ќе стекне контрола над малопродажниот бизнис на ФРАНЦА МАРКЕТИ ДОО Биjело Поље Црна Гора (предмет бр. 08-150/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 11.11.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото **МЕРКАТОР-ЦГ Д.О.О. Подгорица** (MERCATOR-CG D.O.O. Podgorica), со регистрирано седиште на улица Пут Радомира Ивановица бр. 2, Подгорица, Црна Гора, има намера да стекне единствена контрола над новоформираното друштво за посебна намена (ДПН) кое ќе го преземе малопродажниот бизнис на **ФРАНЦА МАРКЕТИ ДОО Биjело Поље** (FRANCA MARKETI DOO Bijelo Polje), со регистрирано седиште на ул. Светог Петра Цетињског ББ Бjело Поље, Црна Гора. Предложената Трансакција се однесува на купување на малопродажиот бизнис на **ФРАНЦА МАРКЕТИ ДОО Биjело Поље**, за чија цел содружниците на Франца Маркети, членовите на семејството Франца (Хилмија Франца, Хатема Франца, Сеад Франца, Сафет Франца, Халид Франца и Халида Франца) ќе основаат друштво за посебна намена („**ДПН**“) на кое ќе се пренесе малопродажната дејност на Франца Маркети, а потоа Меркатор-ЦГ ќе се стекне со 100% од уделите во ДПН.

Малопродажниот бизнис кој ги претставува Целните средства се состои од:

- (i) опрема која ја користи Франца Маркети за да го води својот малопродажен бизнис;
- (ii) вкупна залиха на малопродажна стока која ја поседува Франца Маркети;
- (iii) вработени кои извршуваат оперативни задачи во продавниците на мало на Франца Маркети;
- (iv) гудвил, односно добра волја (goodwill).

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Регистрираната дејност на **Меркатор-ЦГ** е 4719 – Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници.

**Меркатор-ЦГ** е дел од **Фортенова Групата**, чија основна дејност е малопродажба на секојдневни стоки наменти за широка потрошувачка до крајните потрошувачи преку мрежа на малопродажни продавници низ Словенија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора.

Друштвото за производство, трговија и услуги **МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Огњен Прица 1/3-28 мезанин, Скопје, Кисела Вода, Северна Македонија (во натамошниот текст: „**Мерцатор МК**“) е зависно друштво на Фортенова Групата регистрирано во Северна Македонија, кое се занимава со трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалаци и тутун, но повеќе не е комерцијално активно.

Регистрираната дејност на **Франца Маркети** е 4729 - друга трговија на мало со храна во специјализирани продавници.
Подносителот смета дека како релевантни пазари на производи би можел да се дефинира *пазар за неспецијализирана трговија на мало со прехранбени производи и стоки за општа потрошувачка.*

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54. Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.11.2022 година
Скопје